Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-271/22
03 03 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 58, став 1, точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 02.03.2020 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти на прв циклус на студии**

I. По барање на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведено под бр. 23-234/1 од 20.02.2020 година, се одобрува дополнителна испитна сесија во учебната 2019/2020 година за студенти кои студираат на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 денари по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат запишано II, IV и VI семестар во учебната 2019/2020 година; евидентирано (Е-2) летен семестар за учебната 2019/2020 година и презапишана предметна програма во учебната 2019/2020 година (за студенти кои го искористиле правото за полагање во три последователни испитни сесии).

Студентите кои ќе презапишуваат предметна програма од зимски (непарен) семестар, имаат право да го полагаат испитот по конкретната предметна програма заклучно со есенскиот испитен рок во учебната 2019/2020 година.

III. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 30 март до 3 април 2020 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

IV. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната испитна сесија се должни да достават пријава за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот, како и електронски да пријават испит/и во I-Know, согласно распоредот за пријавување испити којшто ќе биде објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи,

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, интернет страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Д Е К А Н,

Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" Република Северна Македонија СКОПЈЕ